

ДОМАГОЈ ТЕЛИШМАН
МАЈСТОР ЗА ЛУЛИЊА

# МЕДИУМ МЕЃУ ЧОВЕКОТ И УЖИВАЊЕТО

МАКСИМ РИСТЕСКИ
risteski@kapital.com.mk

Домагој Телишман-Dotter е еден од најталентираните и најбараните мајстори за изработка на лулиња во овој дел на светот. Овој триесетиеднogодишен загрепчанец, кој по професија е графички дизајнер, познавачите на клупската сцена во главниот хрватски град го паметат и по неговиот музички псевдоним DJ Dotter. Во интервју за "Капитал" тој открива како од рекреативен пушач на луле, станал креатор на овој древен "медиум" меѓу човекот и уживањето во квалитетен тутунски чад.

**Во ова време на брзо и стресно темпо на живот, кога веќе некој не може да му одолее на тутунот, подобро ли е да го ужива со луле, кое, според неговите поклоници, има својство да го смирува човекот?**

Дефинитивно, сметам дека кога зборуваме за пушење луле, мислиме на уживање. Ретко кој пушач на луле е никотински зависник, како што е случај со пушачите на цигари. Лулето е инструмент на мирот и уживањето, и за неговите поклоници претставува прекрасно хоби: избирање и собирање квалитетни тутуни, собирање лулиња и грижа за нив - бидејќи секое луле бара време и внимание, редовно чистење, за да остане во добра форма во која долго ќе му служи на својот сопственик. Повеќе луѓе во Хрватска ми спомнале дека размислуваат да преминат на пушење луле поради сите овие забрани за пушење на јавни места. Работата е во тоа што во поголемиот дел од денот немаат можност да издвојат време за цигара, зашто не можат да пушат на работното место, не можат во кафуле, ниту во ресторан, па затоа сакаат да уживаат дома, преживувајќи еден ритуал на смирување. Велат дека за тоа лулето е како создадено.

**Како би ја опишале сцената на пушачи на луле во Хрватска и, воопшто, на Балканот?**

Сè повеќе млади луѓе пушат луле. До неодамна беше вообичаено да се види постар човек, претежно маж, кој пуши луле. Денес тоа е променето и пушачите на луле се сè помлади луѓе, неретко и жени, девојки, кои посегнуваат по овој инструмент. За ова многу придонесе Интернетот и постоењето на безбројни форуми, групи, њус-групи и чет-соби, околу кои се собираат денешните пушачи на луле. Поминаа времињата кога луѓето користеле едно или две "работни" лулиња (кои се пушеле и по неколку пати дневно, секој ден, сè дури не се распаднат од истрошеност) и кога пушеле само еден вид тутун. Денес речиси секој пушач има убава колекција лулиња за која се грижи. И речиси секој пушач има по неколку тутуни во ротација. Повеќето од "лулашите" имаат завидна колекција тутуни и "во подрум", односно тутуни оставени на некое темно и суво место наменето за омилен-



Бројот на луѓе во светот кои живеат само од изработка на лулиња е мал. Тоа се поединци кои стекнале голем углед во светската заедница на пушачи на луле и чии ракотворби постигнуваат астрономски цени. Страстните колекционери за такви примероци лесно издвојуваат и по неколку илјади евра, а таквите лулиња се најчесто изложбени примероци во витрините на домашните колекции што никогаш не се пушат. Таквите мајстори повремено пуштаат во промет и серии лулиња со пониска цена, што се продаваат за само неколку минути откако ќе се појават на Интернет", вака ја објаснува неговата работа и страст еден од најбараните мајстори за лулиња



ите “блендови” тутун, каде што тие се складираат на подолго време, поради малку познатиот факт дека тутуните во херметички затворени лименки созреваат слично како добрите вина.

**Како влезе во светот на лулињата и што беше пресудно за да почнеш сериозно да се занимаваш со изработка на лулиња?**

Тоа е навистина необична и интересна приказна. На осумнаесетина години почнав да ги пушам лулињата што ми ги остави мојот покоен татко. Ми беше интересно новото искуство, пробував разни тутуни, но не навлегував подлабоко во подрачјето на лулињата и тутуните. Колку што знаев, лулиња се купуваа во локалната трафика. Не размислував многу како настануваат. Сè до пред 8 години, кога, летувајќи со сегашната сопруга, случајно, на плажа, сретнав човек кој рачно изработуваше луле. Останав закопан во место и со часови разговарав со него, додека тој љубезно ми одговараше и понатаму работејќи. Неговото име е Норберт Риемер и е мајстор од Германија. Тоа беше една од најголемите пресвртници во мојот живот. Веднаш почнав да се интересирам како се прават лулињата, кој алат ми е потребен. Учев читајќи безброј текстови на Интернет, од книги и од pipemakers форумот, специјализиран само за изработувачи на лулиња. Собирав алат, прибор, материјали. Многу корисни совети добив од еден познат скандинавски мајстор. Така го направив првото луле, па второто... и љубовта кон лулињата не престана до денес. Речиси секој слободен миг го користам во работилницата каде што ги изработувам моите лулиња.



**Колку време е потребно за парчето дрвест врес да стане луле подготвено за употреба?**

За изработка на едно луле е потребно приближно петнаесетина часа работа, но меѓу фазите на изработката потребно е одредено време за стабилизирање на материјалите по зафатите преземени врз нив. За едноставно луле доволни се неколку дена, а за малку покомплексно неколку седмици. Во просек, секое луле го работам од две седмици до еден месец.

Еден дел од алатот и приборот го купив во Хрватска, а дел од посебниот алат го порачав од Германија и САД. Имам направено и самиот некои алатки, како различните помагала за рустификација на лулињата (со кои се добива посебна, избраздена површина на лулето), зашто секој мајстор ваквиот финиш го работи на свој начин. Мојот алат за рустификација е направен од наострени клинчиња и од водоводни цевки. А материјалот воглавно го порачувам од странство. Врес и маслиново дрво од Италија, Германија и Шпанија. Во Хрватска има многу абонос. Вулканит и ебонит, што се употребуваат за изработка на усници, порачувам од Германија. Различните украсни и егзотични дрва ги порачувам од секаде низ светот. Сакам да работам со такви материјали, а најчесто употребувам cocobolo, bocote, purpleheart, bloodwood, палмово дрво, чемшир и разни рогови од африкански животни. Овие материјали додаваат многу на визуелниот впечаток на лулето.

**Зошто некој колекционер би купил твое луле?**

Многу внимание посветувам на изборот на материјалите, што ги набавувам од строго проверени достаавувачи кај што купуваат и најголемите светски мајстори на овој занает. Сите мои лулиња се рачно направени уникати и ги изработувам со многу внимание, во однос на функционалноста и естетиката. Завршната доработка е нешто на што му придавам огромно значење. Секое мое луле има внимателно промислен однос на големината на главата, бојата на лакот, изборот на финишот, украсот на лулето и неговиот усник – сè мора да создава една складна целина. Секое луле на себе го носи печатот Dotter, спакувано е во платнена вреќичка за заштита и доаѓа со уникатен, корисен подарок - тампер (инструмент што се користи при пушење луле, за притискање на тутунот) направен од идентичен материјал како и лулето. Секое луле го правам со големо уживање, а во тек на изработката го замислувам идниот сопственик. Ако однапред знам за кого се работи, до толку подобро - задоволството при изработката ми е уште поголемо.



**Можеш ли да издвоиш pipemaker чија работа посебно те инспирира?**

Се воодушевувам од скандинавските мајстори и кај моите лулиња може да се препознае нивното влијание. Со најголемо уживање ги гледам лулињата направени од Роландо Негота (Rolando Negoita), Френк Аксмечер (Frank Axmacher), Лав Гајгер (Love Geiger), Том Елтанг (Tom Eltang)...

**Кои се купувачите на лулиња од 1.000 и повеќе долари?**

Главно се работи за колекционери кои имаат лични колекции од неколку стотици лулиња. Така скапите лулиња ретко се пушат. Се чуваат како изложбени примероци.

**Кое е најскапото луле што го поседуваш?**

Немам лулиња што вредат илјади евра. Во колекцијата имам шеесетина лулиња, собирани од разни страни на светот и од најразлични материјали: врес, маслиново дрво, мершаум, глина... Повеќе од височината на цената ме интересира лулето да биде необично, од некој интересен материјал, со особен финиш. И да има приказна зад себе.

Од поскапите лулиња што ги поседувам би издвоил пар рачни изработки на Сергеј Сенаторов од Литванија, неколку уникати од мершаум изработени од Турчинот Синан Алтинок, “Авеста” од мајсторот Канаан Пајпс (Canaan Pipes)...

Меѓу емотивно највредните би ги издвоил лулињата на мојот покоен татко и лулето од Норберт Ниемер, што го изработи додека зборувавме на плажата, а кое сопругата ми го подари изненадувајќи ме за Божик (го порачала од него) истата година кога го запознав мајсторот.

**Кои се идеални услови за уживање со луле?**

Снег, шума, добро луле и добра вирџиниска мешавина во него. Студениот и чист воздух го лади лулето и дава совршено студен чад во кој може да се ужива со часови. Тоа е моето идеално сценарио. На доживувањето при пушење луле влијаат многу фактори: кое луле, кој тутун, колку е тутунот влажен или сув, какво е времето надвор, колку сме јаделе, што пиеме, како е одржувано лулето... Целиот процес подразбира постојано откривање нови задоволства.

